РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2727/12
23-11-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 95-та седница одржана на ден 15.11.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката пред ДКСК по предметот број 12-2727/1 од 01.06.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, ДКСК покренува Иницијатива до Управниот одбор на ----------------------------------------, за поведување на постапка за утврдување на одговорност за службеното лице ------------------------------------------------------------------------------, поради тоа што постапил спротивно член 119 од Законот за јавните набавки („Службен Весник на РСМ„ бр.24/2019 и 87/2021), во врска со Договор за јавна набавка на услуга за вршење на надзор над одржување на државните патишта, склучен по спроведена постапка за јавна набавка по оглас бр.-----------/----------.

ДКСК доставува Барање до Бирото за јавни набавки за надлежно постапување односно поведување на прекршочна постапка согласно член 181 став 1 точка 7 и 14 од Законот за јавните набавки против за службеното лице ---------------------директор на ------------------------------------------, во врска извршените измени и необјавување навреме на измените на Договорот за јавна набавка на услуга за вршење на надзор над одржување на државните патишта, склучен по спроведена постапка за јавна набавка по оглас бр.----------/--------.

ДКСК доставува Известување до Владата на РСМ, како основач на ------------------------------------ за да ја информира за констатираните наоди и преземените дејствија при постапување по доставена пријава и оформување предмет во рамки на своите надлежности предвидени согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Предметот со број 12-2727/1 од 01.06.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, поднесена е пријава заведена под број 12-2727/1 од 01.06.2023 година, со наводи за постоење на неправилности при склучување на Договор за јавна набавка за -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------и Друштвото за трговија, сообраќај и услуги ------------------------------ увоз-извоз од -------------------------, со вредност од 2.400.000,00 евра.

Подносителот во пријавата наведува дека се извршија низа злоупотреби пред склучување на договорот и непочитување на одредбите на истиот по неговото склучување и тоа: еден од условите во тендерската документација за докажување на професионалната способност беше Дозвола за вршење на дејност, собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад, која ја издава

Министерството за животна средина како надлежен орган за издавање на таков вид дозвола. Подносителот посочува дека има информација врз основа на која се сомнева дека економскиот оператор кој го има добиено тендерот, поднел барање за издавање на дозволата на 14.12.2022 и истата му е издадена на 21.12.2022 година, а од друга страна има економски оператори кои учествувале на тендерот и кои поднеле барање за издавање на истата дозвола пред 14.12.2022 година, а истата ја добиле ден после отварањето на тендерот и со тоа биле отфрлени и им било оневозможено понатамошното учествување во постапката.

Потоа при реализација на договорот, носителот на набавката не се придржува до условите во техничка спецификација опишани во Позиција 1, која гласи ,,косење трева и плевел во патен појас (среден и страничен до оградна мрежа).

Целта на одржувањето е да се обезбеди прегледност на сообраќајниот профил на патот, прегледност на објектите кои се во функција на патот, обезбедување на прегледност на клучните патишта со влезни и излезни рамки.

Подносителот понатаму наведува дека од увидот на лице место, воочливо е дека не се почитуваат условите предвидени во позиција, односно не се видливи сообраќајните знаци, а во истата позиција јасно е наведено дека целта е да се обезбеди прегледност на сообраќајниот профил на патот, прегледност на објектите, наплатните станици, сообраќајни знаци и слично, но истото не се почитува.

Согласно позиција 5 на договорот е предвидено и расчистување грмушки и други видови растенија во среден појас и патен појас, со што истите биле предвидено да се транспортират до соодветното одлагалиште, а всушност не се транспортираат, туку се оставени на самото место.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК на 14.06.2023 година достави барање за прибирање на податоци и информации до Министерството за животна средина и просторно планирање и до Јавното претпријатије за државни патишта.

ДКСК побара од Министерството за животна средина и просторно планирање информација да достават табеларен преглед за издадените Дозволи за вршење на дејност, собирање и транспортирање на комунален и други вид на неопасен отпад за месец Октомври, Ноември и Декември во 2022 година, со називи на барателите, со датуми на поднесени барања и датуми на донесени Одлуки за издавање на дозволи за горенаведениот период.

Од Јавното претпријатије за државни патишта побара да достават целокупна документација од спроведениот оглас за јавната набавка ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------, како и извештај за реализираните работи до денот на барањето, како и изјаснување со прилог акти за уредување на вршењето надзор над спроведувањето на склучениот договор.

Во законскиот предвиден рок доставени се побараните податоци и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Во одговорот од Министерството за животна средина и просторно планирање се наведува дека Регистарот на правните лица кои поседуваат Дозволи за вршење на дејност, собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад, е објавен на веб-страната на Министерството и доставен е линк за пристап до истиот. ДКСК изврши увид во Регистарот од каде утврди дека носителот на јавната набавка ДТСУ ---------------------- дооел увоз-извоз Кичево ја добил дозволата од 21.12.2022 година со рок на важност до 20.12.2032 година. Понудувачот ДГТУ -------------------- дооел увоз-извоз Скопје кој учествувал во горенаведената јавна набавка дозволата ја добил на 29.12.2022 година со рок на важност до 28.12.2032година; понудувачот -------------------------- Битола

дозволата ја добил на 15.01.2021 година со рок на важност до 14.01.2026 година, а за понудувачот ДПТТУ ------------------------------- увоз-извоз Тетово немаше приказ во Регистарот.

На ден 23.06.2023 година Јавното претпријатије за државни патишта доставил одговор со прилог докуметација. Одговорот ги содржи називите на сите донесеени акти при спроведување на постапката за јавна набавка бр.-----------------/------------- од 24.11.2022 година.

Од увид во доставената документација ДКСК утврди дека на 25.10.2022 година ------------------- ------------------- ја донел Одлуката за јавна набавка ---------------------------------------------------------------- ----------------------------------------------------------------------------------------------- во времетраеење од две години. Согласно Одлуката спроведувањето на ова набавка произлегува од потребата за редовно одржување на Автопатиштата и тоа: Државен пат А1: Г.П Табановце- Г.П Богородица; Државен пат А2: делница Хиподром-Миладиновци, Обиклоница на Скопје, Сарај-Тетово, Тетово-Гостивар; Државен пат А4: делница Хиподром-Петровец, Миладиновци-Три Чешми(Штп). Со одлуката било предвидено да се спроведе отворена постапка, согласно член 41, 47, 50 и 86 од Законот за јавни набавки и постапката да заврши со електронска аукција, со критериум за избор на понуда со најниска цена.

Со тендерската документација биле предвидени и услови за квалитетен избор на економскте оператори во постапка за јавна набавка како што се: Способност за вршење на професионална дејност (која се докажува со копија од документ за регистрирана дејност и Копија од Дозвола за вршење на дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад) како и Техничка и професионална способност (која се докажува со доказ за регистрирани вработени, опрема и тнм). Согласно условите предвидени со конретната јавна набавка, било пропишано и правото на понудувачот за дел од договорот да вклучи и ПОДИЗВЕДУВАЧ.

Постапката по Оглас бр.-------------/----------- е објавена на 24.11.2022 со рок на аплицирање до 28.12.2022 година. Понудите биле отворени на 28.12.2022 година и на истиот ден е составен записникот.

Согласно Записникот од отворањето на понудите, во постапката за горенаведената јавна набавка биле поднесени 4 понуди од: ДПТУ ------------------------------------- увоз-извоз Скопје, ТДЕКУ --- ----------------------- Битола, ДТСУ ------------------------------- и ДПТТУ ----------------------------------- увозо-извоз Тетово.

Горенаведените понудувачи поднеле понуди со следниве цени:

- ДПТУ ------------------------------ увоз-извоз Скопје – понудена цена 7 ден
- ТДЕКУ ----------------------------------- Битола – понудена цена 12 денари
- ДТСУ ------------------------------ увоз-извоз – понудена цена 12 денари
- ДПТТУ ---------------------------- увозо-извоз Тетово – понудена цена 6 ден

Согласно Извештајот од спроведената постапка, Комисијата за јавни набавки при ------------------- ------------- извршил проверка на комплетноста и валидноста на документацијата и за еконосмскиот оператор ДГТУ ------------------------------ увоз-извоз и констатира дека овој понудувач не доставил Дозвола за вршење дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со Законот за управување со отпадот (Сл.Весник на РСМ бр.216/2021).

Согласно условите за квалитетен избор предвидено со точка 2.5 Техничка и професионална способност, се побарало персонал - геодетски техничар-геометар (со најмалку 3 години работно искуство во градежна дејност). Комисијата за јавна набавка при ------------------------------------ констатирала дека ДГТУ -------------------------------- увоз-извоз со договор за техничка и

професионална способност заведен под бр.-----------------/22 од 16.12.2022, како геометар предложил лицето кое не го исполнува бараното искуство од најмалку 3 години работно искуство во градежништво, доставил невалидна Изјава за неосудуваноста, во делот на оремата не доставил доказ за сопственост за бараниот приклучок со специјална хидроулична рака за косење и за другата побарана опрема не доставил слики во прилогот на понудата.

Поради горенаведените факти, Понудата на ДГТУ ----------------------------- увоз-извоз била неприфатлива и како таква била отфрлена од страна на Комисјата за јавна набавка при ------------------------------------.

На 27.01.2023 година е спроведена Е-Аукцијата за горенаведената јавна набавка. На Е-Аукцијата се поканети следните понудувачи:

- ДПТТУ --------------------------------- увозо-извоз Тетово - понудена цена 6 ден
- ТДЕКУ --------------------------------- Битола - понудена цена 12 денари
- ДТСУ ----------------------увоз-извоз - понудена цена 12 денари

За времетраењето на Е-аукцијата, понуда со најниска цена поднел ДТСУ ----------------------- увоз-извоз и тоа 5,95 денари за м2.

Директорот на ---------------------------------------- на 01.02.2023 ја донел одлуката за избор на најповолна понуда, со која ја избра ДТСУ ------------------------------- увоз-извоз како најповолен понудувач. Против одлуката за избор на најповолна понуда не била поднесена жалба. На 23.02.2023 година е склучен Договорот за јавна набавка за ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- во времетраење од две години, помеѓу ---------------------------------------------------- и Друштвото за трговија, сообраќај и услуги --------------------------- увоз-извоз од --------------------- заверен под арх.бр.----------------/12, со датум на почнување на реализација на договорот од 07.03.2023 година. На 17.03.2023 било објавено известување за склучен договор во ЕСЈН.

ДКСК на 26.07.2023 година повторно се обратил до Министерството за животна средина и просторно планирање со барање за доставување на следната документација:копија од доставено барање за издавање на дозвола за собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад, копија од одлуката за издавање на дозвола за собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад и копија од издадена дозвола за собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад, за сите правни лица кои учествувале во постапката за јавна набавка по оглас бр. 20268/2022. Од доставените документи се еутврди дека

- ТДЕКДУ ---------------------------------------- Битола - на 15.12.2020 година има поднесено барање за издавање на горенаведената дозвола, а дозволата е издадена на 15.01.2021 година,
- ДГТУ -------------------------------------- увоз-извоз Скопје - на 13.12.2022 година, има поднесено барање за издавање на горенаведената дозвола, а дозволата е издадена на 29.12.2022 година,
- ДТСУ-------------------------------------------- увоз-извоз Кичево – на 14.12.2022 година има поднесено барање за издавање на горенаведената дозвола , а дозволата е издадена на 21.12.2022 година
- ДПТТУ ---------------------------------- увоз-извоз Тетово – на 28.09.2022 година има поднесено барање за издавање на горенаведената дозвола, а дозволата е издадена на 28.10.2022 година,

На 26.07.2023 Дкск повторно се обрати до ------------------------------------------------ со барање за изјаснување за начинот и формата на вршењето на надзорот над реализацијата на Договорот за јавна набавка на ------------------------------------------------------------------------, од денот на склучување на договорот до денот на приемот на барањето.

---------------------------------------- во одговорот наведува дека надзорот над реализацијата на горенаведениот договор се извршува со ангажирање на надзорни инжиниери согласно Договорот за надзор над одржување на државните патишта во времетраење од три години заведен со бр.-------------/30 од 12.12.2019 година, кој договор е склучено помеѓу --------- и ------------------Скопје, за кој се ангажирани тројца главни инжиниери распределени на конкретни делници, двајца геометри и 6 соработници согласно Решение бр.---------/-------- од 28.04.2023 година.

На 14.09.2023 година ДКСК достави барање до ------------------------------ за изјаснување врз основа на што е донесено решението бр.----------/---------- од 28.04.2023 година за ангажирање на горенаведените ангажирани за надзор од страна на -------------------------, имајќи го во предвид дека рокот на договорот за надзор над одржување на државните патишта истекол во декември 2022 година.

Во одговорот на ----------------------------- се наведува дека во 2019 година по спроведена постапка за јавна набавка со бр.-------------/---------- на ЕСЈН и по евалуација на понудите, во 12.12.2019 година, е склучен договор бр.-------------/-------- со -----------------------------------------, како носител на група здружени со ----------------------------------------, со започнување на реализација на договорот од 03.01.2020 година.

Со оглед дека Договорот за надзор на одржување на државни патишта во времетраење од три години, истекол на 03.01.2020), а во меѓувреме биле поништени две постапки за иста јавна набавка и тоа постапката по оглас бр.-------------/-------- објавен на 13.09.2022 и постапка по оглас бр.----------/---------- објавен на 23.03.2023, ----------------------------------- извршиле измени на договорот од 2019 година и тоа:

- првата измена на договорот се однесува на продолжувањето на договорот за 2 месеци, односно од 03.01.2023 до 28.02.2023 година
- втората измена на договорот се однесува на продолжувањето на договорот уште за 3 месеци, односно до 01.06.2023 година и зголемување на финансискиот износ за 7,85% од вредноста на основниот договор за надзор.
- третата измена на договорот се однесува на продолжувањето на договорот уште за 3 месеци, односно до 01.09.2023 година и зголемување на финансискиот износ за уште 6,93% од вредноста на основниот договор за надзор.

По План за јавни набавки за 2022 година ----------------------- спровела постапка за јавна набавка по Оглас бр.----------------/2022 за јавна набавка на услуги-Надзор над одржувањето на патишта во времетраење од три години. Постапката била објавена во ЕСЈН и во Службен Весник на РСМ. Договорниот орган согласно тендерската документација и огласот како критериум за доделување на договор за јавна набавка го користел критериумот најдобар однос помеѓу цената и квалитетот, со спроведување на Е-аукција. Од понудувачите било побарано да доставаат документ за регистрирана дејност, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот.

При спроведување на Постапка за јавна набавка за услуга за надзор над одржување на државни патишта по оглас бр.------------/2022, се констатира дека предметот на набавката -надзорот над косење трева, плевел, чистење и собирање на грмушки и останатите работи од тековно одржување, е содржан во Проектната Програма на --------------------------------, за вршење на надзор над одржување на државни патишта од 24.07.2019 година.

До крајниот рок за поднесување на понудите пристигнале вкупно 2 понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите бр.----------------------- од 25.10.2022 година. Комисијата за јавни набавки при договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите, изготвила Извештај од спроведената постапка, со кој Комисијата за јавни набавки предложила да се избере како најповолна понуда економскиот оператор ------------------------ Скопје. Одговорното лице на договорниот орган го прифатил предлогот на комисијата по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.--------------------- од 17.11.2022 година.

На 23.11.2022 била извршена управна контрола од страна на Бирото за јавните набавки согласно член 172 став 3 од Законот за јавните набавки при што е констатирано во Записник за управна контрола дека не постојат неправилности кои можат да влијаат на исходот на постапката.

При увидот во јавни достапни информации во системот на ЕСЈН во врска со Огласот за јавна набавка бр.--------------/-----------.ДКСК констатира дека против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.-----------/------ од 17.11.2022 година, е поднесена жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН) од --------------------------------------------------- АД Скопје.

Имено, на 28.12.2022 на --------та седница ДКЖЈН ја усвоил жалба поднесена од жалителот ---------------------------------------- АД Скопје и донел Решение бр.------------ и, со кое се поништува Одлуката за избор на најповолна понуда бр.------------------ од 17.11.2022 донесена по Оглас бр.---------------- за набавка на услуги-Надзор над одржување на државни патишта во рок од 3 години на Договорениот орган --------------------------------------- и предметот го врати на повторно постапување и одлучување.

ДКЖЈН ги смета за основани жалбените наводи на жалителот според кои избраната најповолна понуда има понудено цена која ги надминува обезбедените средства за ова јавна набавка. Проценетата вредност на набавката била 87.000.000,00 денари. Имајќи предвид дека понудата на избраниот најповолен понудувач изнесувала 2.500.000 денари за месечно ангажирање, а договорниот орган во огласот предвидел дека периодот на извршување на договорот е 36 месеци, што значи дека висината на избраната понуда ја надминувала проценетата вредност на јавната набавка.

На 28.12.2022 ------------------------------------- ја направи првата измена на Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност, со временско продолжување од 2 месеца, односно од 03.01.2023 -28.02.2023), а измената не е објавена во ЕСЈН.

Комисијата за јавни набавки при повторно постапување и одлучување врз основа на Извештајот од повторената евалуација од спроведената постапка бр.------------- од 04.01.2023 до одговорното лице на договорниот орган поднела предлог за избор на најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор ---------------------- Скопје. Предлогот е прифатен од страна на одговорнот лице на договорниот орган и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.----------- од 04.01.2023 година по оглас бр.--------------/----------------.

Повторно е поднесена жалба до ДКЖЈН од ------------------------------------- АД Скопје, која е усвоена и со решение бр.-------------------- од 02.02.2023, повторно е поништена одлуката за избор на најповолна понуда ----------------од 04.01.2023 година донесена по Оглас бр.---------/---------.

На 22.02.2023 ------------------------------- ја направил втората измена на Договорот за јавна набавка надвор од текот на неговата важност, со временско продолжување од 3 месеца, односно до 01.06.2023 и е извршено зголемување на финансискиот износ за 7,85% од вредноста на основниот договор за надзор.

По извршената измена на договорот, ------------------------------------ ја поништил постапката и на 23.02.2023 објавило Известување за поништување на постапка за доделување на Договор за јавна набавка за огласот бр.----------/--------- поради со образложено дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци и повикувајќи се на Решение бр.---------------- донесена од ДКЖЈН за поништување на одлука за избор по огласот бр.-----------/--------, а која не се однесува на поништување на постапката.

По Планот за јавните набавки за 2023 година од страна на ------------------------- спроведени се уште две постапки за избор на економски оператор за обезбедување на услугата за надзор над одржување на државните патишта.

При увидот во јавни достапни информации во системот на ЕСЈН, ДКСК констатира дека е објавен огласот за јавна набавка бр.----------------- за истата намена и постапката била поништена со образложение дека не била поднесена ниту една понуда или прифатлива понуда. За поништувањето на постапката договорниот орган објавил известување во ЕСЈН на 05.06.2023 година.

На 31.05.2023 ---------------------------------- ја направил третата измена на Договорот за јавна набавка по оглас бр.---------------------------- надвор од текот на неговата важност, со временско продолжување од 3 месеца, односно до 01.09.2023, со зголемување на вредноста на основниот договор за уште 6,93%.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека од страна на ----------------------- се извршени измени на договорот надвор од времето на неговата важност спротивно член 119 од Законот за јавни набавки и спротивно точка 6 од Посебните услови - важен дел и прилог кон договорот бр.-------------------- од 12.12.2019 година, каде таксативно се вели: „Овој договор може да се продолжи само во случај на виша сила„ што не се совпаѓа со фактичката состојба.

------------------------------------- по трет пат објавил Оглас бр.----------/------- за спроведување на постапка за јавна набавка на услуга надзор над одржување на државни патишта. Огласот е објавен на 13.06.2023 со рок на аплицирање до 14.07.2023. Критериум за доделување на договорот било економски најповолна понуда – најдобар однос меѓу цената и квалитетот. Во постапката се појавил само еден единствен понудувач кој било и тој е избран како најповолен понудувач ДГПУ ------------------ Скопје од страна на договорниот орган. Против донесената одлука не е поднесена жалба. На 22.08.2023 година е склучен Договорот за јавна набавка на услуга надзор над одржување на државните патишта во времетраење од три години, со бр.------------------------- со вредност од 101.350.228,32 денари со пресметан ДДВ

Од погоре констатираното, ДКСК ја запира постапката по овој предмет и согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси одлучи да покренува Иницијатива до Управниот одбор на --------------------------------------------------------, за поведување на постапка за утврдување на одговорност за службеното лице -------------------------------------------------------, поради тоа што постапил спротивно член 119 од Законот за јавните набавки („Службен Весник на РСМ„ бр.24/2019 и 87/2021), во врска со Договор за јавна набавка на услуга за вршење на надзор над одржување на државните патишта, склучен по спроведена постапка за јавна набавка по оглас бр.-------------------/---------.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК исто така одлучи да доставува Барање до Бирото за јавни набавки за надлежно постапување односно поведување на прекршочна постапка согласно член 181 став 1 точка 7 и 14 од Законот за јавните набавки против за службеното лице --------------------------------------------------, во врска извршените измени и необјавување навреме на измените на Договорот за јавна набавка на услуга за вршење на надзор над одржување на државните патишта, склучен по спроведена постапка за јавна набавка по оглас бр.---------------/---------.

ДКСК исто така одлучи да доставува Известување до Владата на РСМ, како основач на --------------------------------------------- за да ја информира за констатираните наоди и преземените дејствија при постапување по доставена пријава и оформување предмет во рамки на своите надлежности предвидени согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј.,советник

Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**